# Прашања и ресурси во Централна Европа за истражување на средниот век /Летна школа при Централноевропскиот универзитет/

Во периодот од 17 јули до 11 август 2000 година во Будимпешта, во организација на Летниот институт при Департментот за средновековни студии на Централноевропскиот универзитет (CEU-Будимпешта, Унгарија), Американската академија за средновековие (CARA, Соединети Американски Држави) и Центарот за средновековни студии од Прага (CMS, Република Чешка) се одржа специјализирана Летна школа за медиевисти, на која учествуваа 37 партиципанти од различни делови на светот: југоисточна Европа, Холандија, поранешниот Советски Сојуз, Монголија и Соединетите Американски Држави. Тие пристигнаа како специјалисти од различни области на медиевистиката, проучувачи на различни дисциплини на средновековната историја: историчари кои ја истражуваат политичката, социјалната, економската историја; проучувачи на урбаниот развој на средновековните центри; историчари на уметноста; музиколози; хералдичари; генеолози; археолози; црковни историчари; специјалисти по средновековна лингвистика; проучувачи на средновековната медицина и сл. Ваквиот состав на учесниците овозможи интердисциплинарен пристап на одделни изворни материјали, но и кон отворени прашања и проблеми што сè уште се присутни во историската наука.

Основната цел на организаторите беше да се стави акцент врз два момента: достигнувањата на современата медиевистика; ресурсите за проучување на средниот век во централна Европа што може да ги користи истражувачот при својата работа. Од тој аспект работата на Летната школа беше замислена и се одвиваше истовремено на неколку нивоа:

– **Интерактивните предавања при** CEU и организираните академски теренски патувања, секогаш проследени со дискусии, ни овозможуваа збогатување на нашите знаења и истовремено запознавање со најновите ставови за одделни прашања.

– **Работата по семинари** имаше за цел преку специјализирани работилници да се овозможат предавања и конкретни дискусии од нашите сфери на интерес, со што се здобивме со задлабочени знаења од нашата потесна специјалност. Партиципантите беа поделени во шест секции: за кралевите и благородничката елита; за урбаниот развој; за црковните центри и нивните богатства; за манастирските места и нивната археологија; за секојдневниот живот во Централна Европа; за готичката уметност во Централна Европа.

– **Презентацијата на извештаите на партиципантите** од доменот на нивното истражување и научна преокупација се остваруваше во текот на втората и третата седмица на Летната школа и таа со својата интердисциплинарност овозможи пристап од повеќе различни аспекти до бројните актуелни и отворени прашања.

– **Ползување на библиотечниот фонд**, конкретно во мојот случај, во ELTE библиотеката за средновековие при универзитетот Eötvös Loránd и во библиотеката при CEU, и двете институции во Будимпешта. Поради летниот режим на работа и нашата временска лимитираност, другите

библиотеки во Будимпешта (Универзитетската и Националната), Краков (Јагелонската) и Прага (Националната – Klementinum) успеавме само да ги посетиме и делумно да се запознаеме со нивните книжевни потенцијали.

– Мошне полезно искуство претставуваше **посетата на неколку круцијални архиви:** унгарскиот Национален архив, будимпештанскиот Градски архив и Националниот архив во Краков, каде се запознавме со архивскиот материјал којшто се однесува на нашата проблематика, со нивниот режим на работа и можноста за работа во нив.

– **Академските теренски патувања** беа од посебно значење. Организаторите успеаја во настојувањето да ни овозможат непосреден контакт со средновековните историски вредности во земјите каде што се одвиваа нашите научни патувања, проследени со пригодни предавања, чие следење ни беше олеснето со претходно добиените материјали. Имено, беа организирани вкупно три теренски патувања.

Најпрво, во текот на 21–23 јули го посетивме средновековниот историски регион Трансданубија, денешна Западна Унгарија. При тоа бевме во: Катедралата и епископската библиотека во Ѓор (Győr); бенедиктинската опатија во Лебењ (Lébény); средновековнот град и тврдина Шопрон (Sopron) каде што детално се запознавме со неговата урбана топографија; низинската средновекова тврдина и град Сарвар (Sárvár); тврдината Зумег (Sümeg); бенедиктинската опатија во Тихањ (Tihany); тврдината во Веспрем (Vszprém); и бенедиктинската опатија и нејзиниот архив и библиотеката во Панонхалма (Pannonhalma).

Второто теренско патување се изврши во текот на 26–30 јули во Република Словачка и Полска. Притоа, во Словачка беа посетени: тврдината Арва и градот Кошице – со запознавање на градската топографија; Краков во Полска. Неколкудневниот престој во Краков беше максимално искористен за запознавање со неговата средновековна историја и топографија. Пред посетите на кралскиот дворец Вавел (Wavel) и на Јагелонскиот универзитет, специјално на неговата библиотека и на Collegium maius, им претходеа соодветни предавања во полската академија на науките во Краков.

Третото патување ги опфати Бохемија (Република Чешка) и Австрија и се одржа во текот на 4–10 август. Тоа беше замислено и се оствари преку практични и теоретски презентации, односно преку теренско соочување со средновековните споменици и посета на институти што се занимаваат со проучување на средновековието: во *Чешка* – доцносредновековниот рударски центар на Бохемија Кутна Хора и тамошната импозантна катедрала; бројните знаменитости во Прага, вклучително Стариот Град и Прашкиот дворец – проследени со соодветни предавања за историјата, топографијата, археологијата и уметноста, презентирани од еминентни стручњаци на самиот терен; тврдината и градот Телч; во *Австрија* – Катедралата Свети Стефан, Музејот за историја на уметноста, индивидуална посета на Универзитетот и на Националната библиотека, сите во Виена. Во рамките на теоретскиот дел на ова патување се оствари тридневно гостување на Центарот за средновековни студии во Прага, Република Чешка и еднодневно гостување на Институтот за се-

којдневен живот во средниот век во Кремс, Австрија. При нивната посета, освен пригодните предавања поврзани со средновековната историја на Бохемија и Австрија, бевме детално запознаени со предметот на интерес, со режимот на работа и со проектите што ги раководат или во кои се вклучени овие институции.

– **Организираните посети на разни музеи** (Националниот музеј во Будимпешта, Историскиот музеј во Будимпешта, Музејот во градот Шопрон, сите во Унгарија, Моравскиот музеј во Брно, Република Чешка и веќе спомнатиот Музеј за историја на уметноста во Виена, Австрија) **и историските изложби** (на пример, оние во Интернационалниот културен центар и во Центарот за еврејска култура во Краков, Полска), проследени со пригодни предавања, само ја надополнија и онака богатата содржина на оваа Летна школа.

– **Опциони предавања од типот** работилници за интерактивно предавање и учење, како и курсот по Интернет – значаен бидејќи имавме презентација на веб–страните коишто се однесуваат на средновековието, како надополнение на сите Летни школи при CEU, беа мошне инспиративни.

– **Дискусиите и контактите во слободните часови** бездруго придонесоа за меѓусебно запознавање на учесниците, проследено со размена на искуства и мислења за предавањето на средновековната историја во одделни земји, но и за актуелните отворени прашања во медиевистиката. Од посебно значење во тој поглед беше размената на мислења со американските колеги кои, речиси без исклучок, беа од највисоките раководни структури на институциите што ги претставуваа, а истовремено и со големо научно и/или образовно работно искуство во доменот на високото образование.

Останува надежта дека барем дел од сите овие контакти ќе продолжат и понатаму и дека ќе прераснат во официјални контакти и соработка меѓу нашите институции.

Бобан ПЕТРОВСКИ